РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-987/2
29-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител – физичко лице, на 49-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 09 Јуни 2021 година, донесе:

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12- 987/1 од 02.03.2021 година, доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-987 од 2021 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 987/1 од 02.03.2021 година.

Предметот со број 12-987 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-987 од 2021 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 987/1 од 02.03.2021 година, од непознат подносител – физичко лице кое доставило недоволни лични податоци и недоставило адресни и други податоци за контакт.

Со пријавата се изразуваат незадоволство од пресметување и наплата на одбитоци на износот на пензијата која ---------------------, па оттаму се бара да се изврши увид во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

Подносител------ наведува дека без ------------------- согласност од месечната пензија -------- се одзема за уплата и учество во солидарен фонд, за кој одбиток наведува и тоа дека во последните месеци истиот е зголемен за дополнителни десет денари што го поврзува со тековната пандемија со вирусот Covid 19, а во прилог на пријавата доставува иссечок од пензиски чек на кој се прикажани посочените одбитоци.

Освен за овој одбиток подносител------- изразува незадовоство од напалата на уште еден одбиток од пензијата во висина од триесет денари за кој наведува дека не --------- познато по кој основ се пресметува и истото го поврзува со сомневања кон неопределени членови на здруженијата на пензионери, без посочување на конкретни злоупотреби.

Врз основа на содржината на предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на коруптивни дејствија - злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани лица, за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг.

Незадоволството на подносител---- во предметниот случај не дава основ за надлежно постапување на Државната комисија и истото подносител------ треба да го разреши со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија како надлежен орган.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 09 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: С.П. Д., Членна ДКСК

Доставено до
-Архива